USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

USAID PROJECT FOR MEDIA LEGAL REFORM AND RESPONSIBLE MEDIA

ЦЕНТАР за РАЗВОЈ на МЕДИУМИ

# МОНИТОРИНГ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

СКОПЈЕ, МАРТ 2014

ПРОГРАМА НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНИТЕ МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА,
ПРОЕКТ ЗА ОДГОВОРНИ МЕДИУМИ И ЗАКОНОДАВНИ РЕФОРМИ ВО МЕДИУМСКАТА СФЕРА

Оваа публикација/извештај е подготвен/а од стана на Центарот за развој на медиуми со великодушна поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација му припаѓаат на Центарот за развој на медиуми и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на владата на Соединетите Американски Држави.

# МОНИТОРИНГ НА СУДСКИТЕ СЛУЧАИ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

**ИЗВЕШТАЈ БР. 1**

(1 ФЕВРУАРИ 2013 - 28 ФЕВРУАРИ 2014)

ПОДГОТВИЛ:
М-Р ВЛАДИМИР МЕДАРСКИ

СКОПЈЕ, МАРТ 2014

# ВОВЕД

Центарот за развој на медиуми, во рамките на програмата на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Република Македонија и Проектот за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера, во периодот од 1 февруари 2013, до 28 февруари 2014 година, ги набљудуваше судските постапки, поведени според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во ноември 2012 година, клеветата и навредата се декриминализирани односно се префрлени од кривична во граѓанска постапка. Медиумската и експертската јавност ја поздравија декриминализацијата на навредата и клеветата, но притоа, истакнаа дека ова законско решение има бројни слабости кои можат негативно да влијаат врз слободата на изразување, како и да поттикнат самоцензура. Центарот за развој на медиуми, во 2012 година, направи „Анализа на Предлогзаконот за граѓанска одговорност за навреда и клевета“[1], во која укажа на определени слабости на предложеното законско решение. А откако Законот беше донесен, заедно со Фронтот за слобода на изразување, ЦРМ, во април 2013, достави и Иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија[2], за поведување постапка за утврдување на уставноста на определени законски одредби. Единаесет месеци подоцна, Уставниот суд, се уште ја нема разгледано Иницијативата.

Имајќи го предвид фактот дека овој Закон е од исклучително големо значење за слободата на изразување и слободата на медиумите во Република Македонија, како и неизвесноста од ефектите на неговата имплементација, Центарот за развој на медиуми, континуирано ги следи судските случаи за навреда и клевета во кои се вклучени новинари, уредници и медиуми, но ги следи и случаите во кои како странки се јавуваат и државни функционери.

Мониторингот се фокусира на:

- Спроведувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета;
- Постапувањето на судиите при примената на материјалниот и процесниот закон во судските постапки;
- Примената на праксата на Европскиот суд за човекови права, на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како и на другите меѓународни документи и принципи за заштита на слободата на изразување;
- Работата на судските служби.

ЦРМ, во текот на мониторингот, оствари генерално (со определени исклучоци) добра комуникација и соработката со Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје, со надлежните судии и со судските служби.

Овој извештај претежно се однесува на судските случаи во кои се инволвирани новинари, уредници и медиуми. Во периодот од 13 месеци, Центарот за развој на медиуми, во Основниот суд Скопје 2 Скопје, следеше 45 судски предмети[3] на новинари, уредници и медиуми, во околу 150 рочишта. Во само 7

1 www.mdc.org.mk

2 www.mdc.org.mk

3 Анекс 1: Монитортирани судски предмети

постапки како тужители се јавуваат новинари, уредници или медиуми, а во сите други случаи новинарите, уредниците и медиумите се тужени. До затворањето на овој извештај завршени се 15 случаи, но пресудите сѐ уште не се правосилни односно во тек е жалбената постапка. Дури 26 судски постапки се обновени односно за нив претходно се водела кривична постапка.

На судските случаи за клевета и навреда работат тројца судии: Јованка Спировска Панева, Весна Калковска и Нухи Рустеми.

Бидејќи до моментот на пишување на овој извештај нема ниту една правосилна пресуда, ЦРМ не може да направи целосна анализа на предностите, слабостите и на имплементацијата на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Правосилните пресуди се клучниот фактор за сеопфатна анализа на примената на материјалниот закон, како и на меѓународните документи, принципи, пракси и стандарди. И праксата на Судот од Стразбур укажува на тоа дека не смеат да се коментират неправосилни пресуди, бидејќи постапката сѐ уште не е завршена, а секој јавен коментар може да се третира како притисок врз работата на судовите.

# ПОСТАПУВАЊЕ НА СУДИИТЕ

Центарот за развој на медиуми, во рамките на овој мониторинг, го следи спроведувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета односно постапувањето на судиите при примената на материјалниот и процесниот закон во судските постапки, како и примената на праксата на Европскиот суд за човекови права, на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како и на другите меѓународни документи и принципи за заштита на слободата на изразување.

До моментот на пишување на овој извештај, пред првостепениот суд завршени се вкупно 15 постапки[4], од оние случаи кои се предмет на мониторинг. Од досегашните предмети решени во првостепената постапка, не може да се донесе конечен заклучок дали судиите доволно и суштински ги применуваат меѓународните документи, принципи и стандарди при донесување на одлуките и како го применуваат материјалниот закон, бидејќи сé уште нема ниту една правосилна пресуда.

Од досегашното следење на судските постапки, може да се констатира дека судиите се повикуваат на праксата на Европскиот суд за човекови права и на Европската конвенција. Но дали тие доследно и суштински ги применуваат останува да се види и анализира откако донесените пресуди ќе бидат правосилни.

Судиите во случаите кои се предмет на мониторинг на ЦРМ, при доставувањето и изведувањето на доказите, генерално им овозможуваат еднакви услови на странките, а им го овозможуваат и правото на збор во текот на водењето на рочиштата. Врз основа на ова може да се констатира дека судот главно се придржува до членот 6 од Европската

4 Анекс 2: Завршени постапки пред првостепен суд

конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, кој предвидува право на правична судска постапка. Сепак, постојат отстапки од ваквото однесување односно има судски случаи во кои судот постапува различно, овоможува побрзо одвивање на постапката, во покус временски рок ги закажува рочиштата и на ваков начин овозможува некои судски случаи побрзо да бидат завршени. Вакви „забрзувања" се забележани во случаи кога како тужители се јавуваат високи функционери од власта. На пример, предметот во кој како тужител се јавува премиерот Никола Груевски, а како тужен, Тито Петковски и предметот во кој како тужител се јавува министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, а како тужен, Петре Шилегов. Предметот Никола Груевски - Тито Петковски беше експресно завршен во само едно рочиште. За разлика од овој предмет, за другите случаи се одржуваат во просек по пет рочишта. ЦРМ ќе продолжи со посебно внимание да ја мониторира работата на судиите и да следи дали ќе продолжи оваа тенденција на давање предност на постапките во кои како странки се јавуваат функционери, особено затоа што праксата на Судот од Стразбур предвидува носителите на јавни функции да имаат поголем праг на толеранција во однос на навредата и клеветата, што не е случај и кај нас.

При мониторингот на судските предмети утврдивме дека дел од нив се обновени постапки, односно за нив претходно (пред донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета) се водела кривична постапка. Од вкупно 45 судски случаи, 26 или 55,5% се обновени постапки. Судиите во определени случаи, ги задолжуваат самите странки да ги достават решенијата со кои е запрена кривичната постапката, за да се утврди дали е запазен законскиот рок од 30 дена, за поведување постапка според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Заради различниот начин на утврдување на одговорноста кај тужените во граѓанската постапка, односно во граѓанската постапка постои различна дефиниција за клевета и навреда, различни основи за исклучување од одговорност и други лица кои се пасивно легитимирани, дел од кривичните постапки воопшто не беа продолжени откако навредата и клеветата поминаа во граѓанска постапка, а во еден дел од постапките дојде, или до повлекување на тужбата, или до вонсудско порамнување.

На пример, такви се случаите: П4 60/13а – каде како тужител се јавува Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, а како тужен, Јадранка Костова; П4 35/13а - како тужител се јавува Канал 5 телевизија, а како тужен, Бранко Героски; П4 71/13а - како тужител се јавува Кираца Трајковска, а како тужен, Горан Момировски; П4 80/13а - како тужител се јавува Ѓорѓи Вуков, а како тужен, Валентина Стојанчевска и др.

Во определени случаи кај обновените предмети во граѓанска постапка, тужителите се повикуваат и на доказите кои се изведени во претходната кривична постапка. Ваквото повикување на докази од кривичната постапка е противзаконски, затоа што доказите изведени пред кривичниот суд, не можат да се користат во постапка пред граѓанскиот суд. Пример во кој тужителот се повикува на доказите од кривичната постапка е предметот П4 а 152/13, во кој како тужител се јавува Славчо Деспотов, а како тужен, Бранко Героски.

ЦРМ ќе продолжи со посебно внимание да мониторира дали во постапките и при донесувањето на одлуките ќе се користат и ценат доказите од кривичната постапка или пак, судиите ќе постапуваат според важечките законски прописи.

Од сите 15 завршени предмети кои се дел од мониторингот на Центарот за развој

на медиуми, во три случаи е утврдена одговорност за клевета и навреда: П4 57/13а - како тужител се јавува Канал 5 телевизија, а како тужен, Весна Ковачевска Трпчевска (поранешна вработена во Канал 5 телевзија); П4 46/13а - како тужител се јавува Ванчо Таковски, а како тужен, Горан Момировски и Канал 5 Телевизија и предметот П4 30/13а - како тужител се јавува Сашо Мијалков, а како тужени, весникот Фокус, Јадранка Костова, Владо Апостолов и Игор Илиевски.

Досега, во завршените постапки пред Основниот суд Скопје 2 Скопје, во два случаи се изречени надоместоци за нематеријална штета:

1. П4 57/13а, каде како тужител се јавува Канал 5 телевизија, а како тужена, Весна Ковачевска Трпчевска. Во овој случај е досуден надомест за нематеријална штета во износ од 120.000,00 денари и
2. П4 30/13а, каде како тужител се јавува Сашо Мијалков, а како тужени се јавуваат Фокус, Јадранка Костова, Владо Апостолов и Игор Илиевски. Во овој случај за уредникот Јадранка Костова е досуден надомест во износ од 5.000,00 евра на име нематеријална штета, а за новинарот Владо Апостолов досуден е надомест за нематеријална штета во износ од 1.000,00 евра.

ЦРМ смета дека досудените надоместоци за нематеријална штета се високи, иако се во согласност со законската рамка. Високите надоместоци со полно право може да се каже дека се слабост на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, на која ЦРМ и медиумската заедница укажуваа уште пред неговото донесување. Во Законот е предвидено паричниот надоместок за навреда и клевета да изнесува максимални 2.000 евра за новинарот, 10.000 евра за уредникот и 15.000 евра за правното лице. Доколку едно лице ги тужи за навреда и клевета и новинарот, и уредникот и медиумот, судот може да досуди износ од 27.000 евра за надомест на нематеријална штета. Максималната рамка на досудување нематеријална штета е висока, споредено со приходите на медиумската индустрија и не ги зема предвид спецификите на поединечните типови на медиуми на пазарот. Така, на пример, една национална ТВ станица може да си дозволи да ги плати надоместоците без сериозно нарушување на тековното работење, но една локална радио станица или мал медиум од типот на весник или интернет портал тешко дека ќе издржи две штети без да затвори. Од тој аспект, вака определените лимити можат да предизвикаат самоцензура и цензорски ефекти на замрзнување и да добијат форма на казна наместо надомест на штета – што пак, е директно спротивно на основните принципи на кои треба да се темели Законот, особено на принципот кој вели дека законот постои не за да се казни давателот на изјавата, туку, за да се реституира нанесената штета и да се залечи нанаесената повреда.[5]

Со декриминализацијата на навредата и клеветата се овозможи постапките пред граѓанскиот суд да бидат пократкотрајни, но не и поекономочни. Во споредба со таксите пред кривичниот суд, таксите за тужба, одлука и жалба, пред граѓанскиот суд се драстично поголеми[6]. Ова претставува дополнително оптоварување за новинарите, уредниците и медиумите кои и онака се соочени со голем

5 Анализа на Предлогот на законот за граѓанска одговорнсот за навреда и клевета, ЦРМ 2012

6 Таксата за тужба во кривичните постапки пред Основниот суд Скопје 1 Скопје изнесуваше 800 денари без разлика на вредноста на спорот, а таксата за тужба пред Основниот суд Скопје 2 Скопје зависи од вредноста на спорот и тоа: од 0 до 10.000,00 денари, такстата изнесува 480,00 денари, од 10,000.00 до 20,000.00 денари, таксата изнесува 800.00 денари, од 20.000,00 до 40.000,00 денари, таксата изнесува 1,200.00 денари, од 40,000.00 до 60,000.00 таксата изнесува 1.600,00 денари, од 60,000.00 до 100,000.00 таксата изнесува 2,000.00 денари, а за над 100,000.00 денари се плаќа уште 2% на секој започнат денар, а најмногу 48,000.00 денари. Таксата за жалба е двојно поголема од платената такса за тужба.

број тужби и законски предвидени високи надоместоци за нематеријална штета.Тие уште пред да поднесат жалба се соочуваат со дилемата што им е поисплатливо, да го платат надоместокот за нематеријална штета и да не се жалат или пак, да се жалат и да ризикуваат да изгубат и да имаат огромни трошоци. Уште повеќе, затоа што во случај да го изгубат предметот, ќе треба да ги платат своите, но и трошоците на тужителот.

Во однос на примената на процесниот закон, може да се заклучи дека судиите им „прогледуваат низ прсти" на тужителите, односно не се придржуваат во целост кон член 101, став 1, од Законот за парнична постапка кој предвидува отфрлање на поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат потребните податоци предвидени со член 98 од истиот закон. Ваквото постапување, судиите го оправдуваат со тоа дека овие постапки се нови и сосема различни од претходните кривични постапки. Таков е на пример случајот П4 30/13а, во кој како тужител се јавува Сашо Мијалков, а како тужени се јавуваат Фокус, Јадранка Костова и други. Иако адвокатите на тужените инсистираа да се отфрли тужбата како неуредна, затоа што во неа, на пример, не беа наведени ниту матичниот број на тужителот, ниту неговата адреса на живеење, судијата одлучи да ја продолжи постапката, затоа што според него, постои поднесок со кој е прецизирана тужбата. Но, на барањето на адвокатите да им се приложи поднесокот на самото рочиште, судијата изјави дека тие не се оние кои треба да ценат дали една тужба е уредна или не и доколку сметаат дека неправилно се применува процесниот закон можат да поднесат жалба.

Иако Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета предвидува постапките поведени по овој закон да бидат итни, од досегашното набљудување, може да се заклучи дека во определени случаи тие премногу се одолговлекуваат и тоа најмногу поради неуспешната достава на поканите до тужените. Во вакви ситуации судиите не го забрзуваат процесот и не овозможуваат доставата да биде извршена преку огласната табла на судот или да назначат времен старател.

Такви се, на пример, случаите: П4 108/13а во кој како тужител се јавува граѓанската иницијатива Граѓани за европска Македонија (ГЕМ), а како тужен, Александар Бичиклиски и случајот П4 45/13а во кој како тужител се јавува Топлификација АД Скопје, а како тужен, Ивона Талевска. И во двата случаи, иако, тужените се јавни личности и се добро познати на јавноста, тие не ги примаат поканите од судската доставна служба. Направени се обиди да им се достават поканите и до работните места, но без успех. Останува нејасно зошто судиите наместо да ја објават доставата на огласна табла и да им назначат времен старател, непотребно бараат нови обиди за достава.

За време на мониторингот, единствен исклучок од правилото за јавност на судските постапки беше случајот во кој како странки се јавуваат, Сашко Кедев и Ганка Самоиловска Цветанова, против уредничката на „Утрински весник", Соња Крамарска. Во овој предмет на барање на адвокатот на тужителите, судијата ја исклучи јавноста во целиот тек на постапката. Образложението на судијата за ваквата одлука беше дека во текот на постапката ќе се изведуваат докази и факти, кои доколку бидат објавени во јавноста би претставувале повреда на приватниот живот на тужителите. Според член 293[7] од

7 Член 293 од Законот за парничната постапка:

(1) Советот може да ја исклучи јавноста за целата главна расправа или за еден нејзин дел, ако тоа го бараат интересите за чувањето на службена, деловна или лична тајна, интересите на јавниот ред или причините на моралот.

(2) Советот може да ја исклучи јавноста и во случај кога со мерките за одржување на редот предвидени во овој закон не би можело да се обезбеди непречено одржување на расправата.

Законот за парнична постапка, дозволено е во определени случаи јавноста да се исклучи од постапката. Бидејќи овој случај не е правосилно завршен, ЦРМ, во овој момент, не може да коментира дали ваквата одлука на судијата е исправна или не. Сепак, ЦРМ ќе продолжи да го следи овој случај, но и сите останати случаи, со цел во следниот извештај да се анализира оправданоста на употребата на оваа законска одредба.

# СУДСКИ СЛУЖБИ

Мониторингот покажа дека некои судски служби не ги извршуваат своите задачи во целост и со тоа негативно влијаат врз судските постапки.

## СУДСКА ДОСТАВА

Судската доставна служба, на пример, често пати не успева да ги достави поканите за судските рочишта до инволвираните страни во судските случаи. Симптоматично е тоа што неуспешната достава најчесто се однесува на функционери и други јавни личности кои се вклучени во судските случаи и за кои лесно се утврдува адресата на достава. Судските служби редовно наведуваат дека доставата е неуредна и речиси никогаш не констатираат дека странките одбиваат да ги примат писмата. Со ваквото постапување, тие не го почитуваат членот 139, од Законот за парнична постапка, кој гласи: “*Кога лицето до кое е упатено писменото, односно полнолетниот член на неговото домаќинство односно овластено лице или работник на државен орган или на правно лице, без оправдана причина ќе одбие да го прими писменото, доставувачот ќе го остави во станот или во просториите каде што односното лице работи или писменото ќе го прикачи на вратата од станот или просторијата. На повратницата ќе го забележи денот, часот и причината за одбивањето на приемот, како и местото каде што е оставено писменото и со тоа се смета дека е извршено доставувањето.*“

Заради неажурноста на судската доставна служба, многу рочишта непотребно се одложуваат, односно од вкупно 152 рочишта поради неуредна достава беа одложени 53, што претставува дури 34,8 отсто од вкупниот број судски рочишта.

Воедно, заради неуспешната достава, на тужителите им се наметнуваат непотребни трошоци, како што се на пример, дополнителните трошоци за добивање податоци од Министерството за внатрешни работи за точната адреса на живеење на тужените, или пак, трошоците за извршување достава преку нотари и извршители.

## ГРАЃАНСКА ПИСАРНИЦА

Од комуникацијата со судските службеници кои работат во граѓанската писарница на Основниот суд Скопје 2 Скопје, за време на мониторингот, можеме да констатираме дека тие не се доволно запознаени со важечките прописи во Република Македонија. На пример, службениците одбиваат на ЦРМ да му дадат информации за кога се закажани предметите што се водат според Законот за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета, а во кои се јавуваат но-

винари, уредници на медиуми и медиуми, затоа што сметаат дека со тоа би можеле да ги повредат членот 2 (став 1) и членот 23 од Законот за заштита на личните податоци.

Ваквото објаснување сметаме дека е неосновано, затоа што, ЦРМ не бара да ги добие сите податоци за лицата кои се јавуваат како странки, туку единствено што бара е информацијата дали странката во судскиот случај е новинар, уредник или пак, медиум. Дополнително, сите судења, според Законот за парнична постапка се јавни и присутните секако ги дознаваат имињата на странките во предметот, како и нивните занимања и професии.

## АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКА СЛУЖБА И КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Од комуникацијата со административно-техничката служба и канцеларијата за односи со јавноста на Судот, исто така, констатиравме определени неисполнувања на нивните работни задолженија. Во перидот на следењето на работата на Судот, нередовно се ажурираше интернет-страницата односно не беа ажурирани информациите за закажаните судски рочишта. Овој дел од страницата се ажурираше само еднаш на три месеци и најверојатно заради тоа информациите беа ретроактивни, нецелосни и со пропусти. На пример, интернет-страницата, беше ажурирана на 1 јули 2013 година, со информации за закажани судења до крајот на септември, а по истекот на овој период, беше ажурирана дури во ноември 2013 година. Интернет-страницата нередовно се обновуваше и со информации поврзани со судската пракса односно со задоцнување или воопшто не се објавуваат одлуките и решенијата што ги носат судиите во текот на постапките.

Во однос на условите за работа и соодветното водење на постапките, мониторингот покажа дека во речиси сите судници не постои техничка опременост за прегледување на аудио и видео материјали, па судиите, овие докази ги ценат единствено врз основа на транскриптите доставени од странките. Исто така, во дел од судниците, не постојат услови за исполнување на законската обврска за тонско снимање на расправите.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Иако со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, предвидена е итност на постапките, сепак, и по поминати речиси петнаесет месеци од донесувањето на Законот, се уште нема ниту една правосилна одлука по предметите во кои се јавуваат како странки новинари, уредници и медиуми. Ова претставува сериозна пречка за донесување конкретни заклучоци и анализи за предностите, за слабостите и за имплементацијата на овој закон.
2. Од досегашното набљудување, може да се заклучи дека во определени случаи, постапките премногу се одолговлекуваат и тоа најмногу поради неуспешната достава на поканите до тужените. Во вакви ситуации судиите не го забрзуваат процесот и не овозможуваат доставата да биде извршена преку огласната табла на судот или да назначат времен старател. Ова се случува дури и во предмети кога тужените се јавни личности и се добро познати на јавноста. Тие не ги примаат поканите од судската доставна служба. Направени се обиди да им се достават поканите и до работните места, но без успех. Останува нејасно зошто судиите наместо да ја објават доставата на огласна табла и да им назначат времен старател, непотребно бараат нови обиди за достава.
3. Судиите, при водењето на постапките, на странките генерално им овозможуваат еднакви услови. Но постојат индикативни отстапки од ваквото однесување, односно има судски случаи во кои судот постапува различно, овомoжува побрзо одвивање на постапката, во покус временски рок ги закажува рочиштата и на ваков начин овозможува некои судски случаи побрзо да бидат завршени. Вакви „забрзувања“ се забележани во случаи кога како тужители се јавуваат високи функционери од власта. ЦРМ ќе продолжи со посебно внимание да ја мониторира работата на судиите и да следи дали ќе продолжи оваа тенденција на давање предност на постапките во кои како странки се јавуваат функционери, особено затоа што праксата на Судот од Стразбур предвидува носителите на јавни функции да имаат поголем праг на толеранција во однос на навредата и клеветата, што не е случај и кај нас.
4. При мониторингот на судските предмети утврдивме дека само дел од нив се обновени постапки, односно за нив претходно се водела кривична постапка. Од вкупно 45 судски случаи, 26 или 55% се обновени постапки. Во определени случаи на обновените предмети во граѓанска постапка, тужителите се повикуваат и на доказите кои се изведени во претходната кривична постапка. Ваквото повикување на докази од кривичната постапка е противзаконски, затоа што доказите изведени пред кривичниот суд, не можат да се користат во постапка пред граѓанскиот суд. ЦРМ ќе продолжи да мониторира дали во постапките и при донесувањето на одлуките ќе се користат и ценат доказите од кривичната постапка или пак, судиите ќе постапуваат според важечките законски прописи.

5. Досега досудените надоместоци за нематеријална штета се високи, иако се во согласност со законската рамка. Високите надоместоци со полно право може да се каже дека се слабост на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, на која ЦРМ и медиумската заедница укажуваа уште пред неговото донесување. Максималната рамка на досудување на нематеријална штета е висока споредено со приходите на медиумската индустрија и не ги зема предвид спецификите на поединечните типови на медиуми на пазарот. Од тој аспект, вака определените лимити можат да предизвикаат цензорски ефекти на замрзнување и да добијат форма на казна наместо надомест на штета – што пак, е директно спротивно на основните принципи на кои треба да се темели Законот, особено на принципот кој вели дека законот постои не за да се казни давателот на изјавата, туку, да се реституира нанесената штета и да се залечи нанаесената повреда.
6. Дополнително оптоварување за новинарите и медиумите е висината на судските трошоци во граѓанските постапки за навреда и клевета. Во споредба со таксите пред кривичниот суд, таксите за тужба, одлука и жалба, пред граѓанскиот суд се драстично поголеми. Заради ова новинарите уште пред да поднесат жалба се соочуваат со дилемата што им е поисплатливо, да го платат надоместокот за нематеријална штета и да не се жалат или пак, да се жалат и да ризикуваат да изгубат и да имаат огромни трошоци.
7. Судиите при донесувањето на одлуки со кои се утврдува одговорност за навреда и клевета да се придржуваат до принциотна *„досудување непарична штета"*, односно да им дадат приоритет на механизмите за непарично обештетување, доколку со тоа во значителна мера се реституира репутацијата на тужителот. Парични надоместоци за надомест на штета да се применуваат само во случаите каде што непаричните мерки се недоволни да се надомести штетата предизвикана од дефаматорни изјави. Судиите треба да се придржуваат и до принципот *„парични надоместоци на штета"*, според кој при одмерувањето на паричните надоместоци треба да се земе предвид таканаречениот ефект на замрзнување како форма на поттикната самоцензура. Ка ко и тоа, дека надоместоците мора да бидат пропорционални на сторената штета и да не бидат повисоки од вообичаените надоместоци досудени во другите граѓански постапки. Односно надоместоците за нематеријална штета и претрпени загуби предизвикани од дефаматорна изјава, да се досудат во висина на реално утврдената штета.
8. Во однос на примената на процесниот закон, може да се заклучи дека судиите им „прогледуваат низ прсти" на тужителите, односно не се придржуваат во целост кон член 101, став 1, од Законот за парнична постапка кој предвидува отфрлање на поднесоците кои се поднесени од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат потребните податоци предвидени со член 98 од истиот закон.
9. Мониторингот покажа дека некои судски служби не ги извршуваат своите задачи во целост и со тоа негативно влијаат врз судските постапки. Судската доставна служба, на пример, често пати не успева да ги достави поканите за судските рочишта до инволвираните страни во судските случаи. Симптоматично е тоа што неуспешната достава најчесто се однесува на функционери и други јавни личности кои се вклучени во судските случаи и за кои лесно се утврдува адресата на достава. Судските служби редовно

наведуваат дека доставата е неуредна и речиси никогаш не констатираат дека странките одбиваат да ги примат писмата. За да се избегне непотребното одложување на рочиштата, ЦРМ смета дека доставната служба на судот треба да се реорганизира и да создаде услови за електронско доставување на тужбите и на другите документи. Судиите, пак, не треба се придржуваат само кон определени начини на достава, туку, треба да ги применуваат и другите начини предвидени со Законот за парничната постапка, како на пример, достава преку пошта со препорачана пратка и со специјална достава преку звршител или нотар, др.

10. Од комуникацијата со судските службеници кои работат во граѓанската писарница на Основниот суд Скопје 2 Скопје, за време на мониторингот, можеме да констатираме дека тие не се доволно запознаени со важечките прописи во Република Македонија. ЦРМ смета дека на судските службеници треба да им се обезбеди обука за запознавање со важечките прописи во Република Македонија посебно со Законот за заштита на личните податоци.

11. Административно техничките служби и канцеларијата за односи со јавноста треба редовно и навремено да ја ажурираат интернет-страницата на судот особено во делот на закажани рочишта, како и во делот на законската обврска за навремено објавување на донесените одлуки од страна на судиите.

12. Во однос на условите за работа и соодветното водење на постапките, мониторингот покажа дека во речиси сите судници не постои техничка опременост за прегледување на аудио и видео материјали, па судиите, овие докази ги ценат единствено врз основа на транскриптите доставени од странките. За да може во целост да се применува одредбата од Законот за парничната постапка, за тонско снимање на рочиштата, како и да се преслушуваат снимките кои се предложени како докази, судот треба што поскоро да овозможи техничка опременост на сите судниците.

АНЕКС 1

# МОНИТОРИРАНИ СУДСКИ ПРЕДМЕТИ

| | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 1. | П4 47/13а | Јованка С. Панева | Срѓан Керим<br>против<br>Јадранка Костова и Фокус |
| 2. | П4 59/13а | Јованка С. Панева | ИВЗ<br>против<br>Атанас Кировски |
| 3. | П4 76/13а | Јованка С. Панева | Општина Аеродром<br>против<br>Бранко Героски, Александар Тодоровски,<br>Гордана Милошевска Вељановска и Плус Продукција |
| 4. | П4 62/3а | Јованка С. Панева | Марјан Начевски<br>против<br>Горан Михајловски, Тони Апостолски, Љупчо Поповски и<br>Лидија Богатинова |
| 5. | П4 115/13а | Јованка С. Панева | Стојанче Ангелов<br>против<br>Драган Павловиќ Латас, Ситeл и Иван Кировски |
| 6. | П4 119/13а | Јованка С. Панева | Иван Мирчевски<br>против<br>Бранко Героски |
| 7. | П4 46/13а | Јованка С. Панева | Ванчо Таковски<br>против<br>Горан Момировски и Канал 5 ТВ |
| 8. | П4 30/13а | Јованка С. Панева | Сашо Мијалков<br>против<br>Фокус, Јадранка Костова, Владо Постолов<br>и Игор Илиевски |
| 9. | П4-93/13а | Јованка С. Панева | Сашо Јоксимовски<br>против<br>Снежана Лупевска |
| 10. | П4 34/13а | Јованка С. Панева | Бојо Андреевски<br>против<br>Јадранка Костова |
| 11. | П4 89/13а | Јованка С. Панева | Драган Павловиќ Латас<br>против<br>Горан Митревски |
| 12. | П4 81/13а | Јованка С. Панева | Мелита Ракичевиќ<br>против<br>Горан Михајловски и Милица Џаровска |
| 13. | П4 44/13а | Јованка С. Панева | Топлификација<br>против<br>Роберт Поповски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | П4 103/13а | Јованка С. Панева | Шукрете Белули Салиху<br>против<br>Насер Пајазити |
| 15. | П4 99/13а | Јованка С. Панева | Миленко Неделковски<br>против<br>Билјана Секуловска и Жарко Трајановски |
| 16. | П4 90/13а | Јованка С. Панева | ГЕМ (Бранко Героски, Никола Гелевски, Роберто Беличанец, Жарко Трајановски и Владимир Милчин)<br>против<br>Зоран Ставрески |
| 17. | П4 57/13а | Јованка С. Панева | Канал 5 Телевизија<br>против<br>Весна Ковачевска Трпчевска |
| 18 | П4 69/13а | Нухи Рустеми | Иван Мирчевски<br>против<br>Ацо Кабранов и Василевски Зоран |
| 19. | П4 71/13 а | Јованка С. Панева | Кираца Трајковска<br>против<br>Горан Момировски |
| 20. | П4а 152/13а | Јованка С. Панева | Славчо Деспотов<br>против<br>Бранко Героски |
| 21. | П4 183/13а | Јованка С. Панева | Станка Кировска<br>против<br>Жаклина Цветковска |
| 22. | П4а 35/13 | Весна Калковска | Канал 5<br>против<br>Бранко Героски и здружение на граѓани Член16 |
| 23. | П4а 39/13 | Весна Калковска | Стојанче Ангелов<br>против<br>Драган Павловиќ Латас |
| 24. | П4 38/13а | Весна Калковска | Ѓорѓи Тренковски<br>против<br>Кристина Мачкиќ |
| 25. | П4 45/13 | Весна Калковска | Топлификација<br>против<br>Ивона Талевска |
| 26. | П4 60/13а | Весна Калковска | Фонд за здраствено осигурување<br>против<br>Јадранка Костова |
| 27. | П4 85/13а | Весна Калковска | Анита Бегова<br>против<br>Јадранка Костова |
| 28. | П4 100/13а | Весна Калковска | Дејан Шепелиќ, Тони Наумов и Кредит нет ДООЕЛ против<br>Снежана Лупевска и Канал 5 Телевизија |
| 29. | П4 91/13а | Весна Калковска | Бранко Героски и 14 други<br>против<br>Бобан Богдановски Андревски |
| 30. | П4 108/13а | Весна Калковска | ГЕМ (ГЕМ (Бранко Героски, Никола Гелевски, Роберто Беличанец, Жарко Трајановски и Владимир Милчин)<br>против<br>Александар Бичиклиски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31. | П4 77/13а | Весна Калковска | Драган Павловиќ Латас<br>против<br>Саше Димовски |
| 32. | П4 136/13а | Весна Калковска | Игор Серафимофски<br>против<br>Љубиша Арсиќ |
| 33. | П4 143/13а | Весна Калковска | ГАМА АД Скопје<br>против<br>Портал фактор |
| 34. | П4 137/13а | Весна Калковска | СИВУС ДОО Скопје<br>против<br>Ристо Поповски, Ѕвездан Ѓеоргиевски и<br>Глобус Медиа Систем |
| 35. | П4 113/13а | Весна Калковска | Благица Миладиновска Цонева<br>против<br>Саше Димовски и Јадранка Костова |
| 36. | П4 69/13а | Весна Калковска | Иван Мирчевски<br>против<br>Ацо Кабранов, Глинка и Зоран Василевски |
| 37. | П4 50/13а | Весна Калковска | Милеко Неделковски<br>против<br>Предраг Петровиќ и Разме Најдовски |
| 38. | П4 194/13а | Весна Калковска | Предраг Петровиќ<br>против<br>Миленко Неделковски |
| 39. | П4а 125/13 | Нухи Рустеми | Ганка Цветановска<br>против<br>Соња Крамарска и Валентина Тодоровска |
| 40. | П4 48/13а | Нухи Рустеми | Зоран Стефановски<br>против<br>Драган Павловиќ Латас |
| 41. | П4а 139/13 | Нухи Рустеми | Васил Пишев<br>Против<br>Зоран Андоновски и Искра Опетческа |
| 42. | П4а 133/13 | Нухи Рустеми | Петар Арсовски<br>против<br>Миленко Неделковски |
| 43. | П4 58/13а | Нухи Рустеми | Трд Канал 5<br>против<br>Скај Мк, Јован Соколевски |
| 44. | П4 80/13а | Нухи Рустеми | Ѓорѓи Вуков<br>против<br>Валентина Стојанческа |
| 45. | П4 126/13а | Нухи Рустеми | Благојка Ристеска<br>против<br>Сашо Кокаланов |

## АНЕКС 2

# ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ПРЕД ПРВОСТЕПЕН СУД

| | Предмет | Судија | Странки во спорот |
|---|---|---|---|
| 1. | П4 47/13а | Јованка С. Панева | Срѓан Керим<br>против<br>Јадранка Костова и Фокус |
| 2. | П4 59/13а | Јованка С. Панева | ИВЗ<br>против<br>Атанас Кировски |
| 3. | П4 62/3а | Јованка С. Панева | Марјан Начевски<br>против<br>Горан Михајловски, Тони Апостолски, Љупчо Поповски и Лидија Богатинова |
| 4. | П4 46/13а | Јованка С. Панева | Ванчо Таковски<br>против<br>Горан Момировски и ТВ Канал 5 |
| 5. | П4 30/13а | Јованка С. Панева | Сашо Мијалков<br>против<br>Фокус, Јадранка Костова, Владо Апостолов и Игор Илиевски |
| 6. | П4-93/13а | Јованка С. Панева | Сашо Јоксимовски<br>против<br>Снежана Лупевска |
| 7. | П4 34/13а | Јованка С. Панева | Бојо Андреевски<br>против<br>Јадранка Костова |
| 8. | П4 44/13а | Јованка С. Панева | Топлификација<br>против<br>Роберт Поповски |
| 9. | П4 57/13а | Јованка С. Панева | Канал 5 Телевизија<br>против<br>Весна Ковачевска Трпчевска |
| 10. | П4 71/13 а | Јованка С. Панева | Кираца Трајковска<br>против<br>Горан Момировски |
| 11. | П4а 35/13 | Весна Калковска | Канал 5<br>против<br>Бранко Героски и здружение на граѓани Член16 |
| 12. | П4а 39/13 | Весна Калковска | Стојанче Ангелов<br>против<br>Драган Павловиќ Латас |
| 13. | П4 60/13а | Весна Калковска | Фонд за здраствено осигурување на РМ<br>против<br>Јадранка Костова |
| 14. | П4 80/13а | Нухи Рустеми | Ѓорѓи Вуков<br>против<br>Валентина Стојанческа |
| 15. | П4 126/13а | Нухи Рустеми | Благојка Ристеска<br>против<br>Сашо Кокаланов |

АНЕКС 3

# ДЕБАТА: „ШТО ДОНЕСЕ ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈАТА НА КЛЕВЕТАТА?“

*(дискусии и ставови)*

Центарот за развој на медиуми (ЦРМ), во рамките на проектот на УСАИД за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера, на 13 март 2014, во Клубот на новинари, организираше дебата „Што донесе декриминализацијата на клеветата?“.

Во дискусијата што ја модерираше новинарот **Саше Димовски**, како панелисти учествуваа: адвокатот **Филип Медарски**, уредничката на неделникот „Фокус“, **Јадранка Костова** и претседателот на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), **Насер Селмани**. На дебатата учествуваа и голем број новинари, поранешни судии, експерти од областа на медиумите и човековите права, претставници од меѓународни институции и дипломати, а основа за дискусија беа наодите од првиот извештај од мониторингот на судските случаи за навреда и клевета, кој го спроведува Центарот за развој на медиуми и кој го опфаќа периодот од 1 февруари 2013 до 28 февруари 2014 година. На дебатата беа поканети, но не дојдоа, и Претседателот на Основен суд Скопје 2 Скопје и судиите кои постапуваат по случаите за навреда и клевета.

Повеќето учесници на дебатата констатираа дека со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во ноември 2013 година, не се исполнети целите кои требаше да се постигнат со декриминализацијата.

Според нив, надоместоците за нематеријална штета се многу високи и не се во согласност со пазарните и финансиските услови во кои работат медиумите. Доколку на некој медиум (особено помал) му се изрече максималниот надомест од 27.000 евра, тоа би значела негова сигурна „смрт“ односно негово затворање, што е можеби и целта на законодавецот. Заради ова, истакнаа дискутантите, Здружението на новинари на Македонија и останатите медиумски здруженија треба да издејствуваат промени во Законот особено во делот каде што се утврдуваат надоместоците. Според нив, лимитот на надоместоците не би требало да изнесува повеќе од 10% од сегашните надоместоци утврдени со Законот.

Голем проблем со кој се соочуваат новинарите, според учесниците на дебатата, се и високите судски трошоци кои достигнуваат и до 48.000 денари за тужба и 96.000 денари за жалба. Кога на овие суми ќе се додат и адвокатските трошоци за застапување, новинарите се доведуваат во дилема дали да поднесат жалба до Апелациониот суд или да ја прифатат првостепената одлука, иако не е во нивна полза. И заради високите лимити за надомест на нематеријална штета, овој закон е репресивен, води кон цензура, и ја поттикнува автоцензурата.

Според експертите за човекови права, друг проблем со овој закон, е и можноста државните институции да се јават како тужители, која е спротивна на праксата на Судот од Стразбур. Исто така, како проблем се јавуваат

и психијатрските вештачења кои странките ги доставуваат како доказ во постапките, а врз кои го темелат и своето побарување за надомест на нематеријална штета. Експертите сметаат дека психијатарските вештачења не треба да се земаат предвид во постапките бидејќи предмет на заштита се честа и угледот како општествени добра, а не се утврдува како и на кој начин се рефлектирала клеветата или навредата врз „душевната состојба" на тужителот. Вештачењата не треба да се релевантни во определувањето на надоместот, туку, треба да се земе предвид релевантната објективна повреда на честа и угледот како општествени категории. Според панелистите, проблем се јавува и во примената на Законот, односно во определени случаи не се почитува правилото на трипатридниот механизам при донесувањето на одлуките.

Како во кривичната, така и во граѓанската постапка, се јавува проблемот на „политичка димензија" на случаите. Досегашната пракса покажува дека судиите имаат законска основа, но не ги отфрлаат тужбите во кои како тужители се јавуваат високи државни функционери. Понатаму, загрижува и стандардот кој се провлекува кога како тужители се јавуваат високи државни функционери. Во сите случаи, судиите досудуваат во корист на функционерите и тоа со многу високи надоместоци за нематеријална штета, што не е случај кога како тужители се јавуваат други лица. Ова е спротивно на праксата на Стразбур која вели дека државните функционери треба да имаат повисок праг на толеранција во однос на навредата и клеветата.

Заштита на честа и угледот (собено на функционерите) наспроти правото на изразување, според учесниците, слободно може да се каже дека претставува инструмент за загрозување на слободата на изразување.

Сите празнини и недостатоци на Законот треба да се надополнат со праксата на Судот од Стразбур, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и останатите меѓународни принципи и стандарди. Исто така, потребна е промена на функционирањето на судовите во однос на водењето на постапките. Загрижувачки е фактот дека по предметите во Основниот суд Скопје 2 Скопје постапуваат само тројца судии, а во сите други судови овие предмети ги води само еден судија. Треба да се изврши прераспределба, односно да се зголеми бројот на судиите кои постапуваат по овие предемети.

Добивка од декриминилизацијата е помалиот број поведени предмети пред граѓанскиот, во споредба со кривичниот суд. Добра страна на Законот е и тоа што ја зголеми примената на праксата на судот од Стразбур во постапувањето на судиите. Но, загрижува можноста за извинување по започнување на процесот, наместо пред неговиот почеток.

Поголемиот дел од панелистите заклучија дека Законот, сепак, не ги исполни своите цели, дека ситуацијата со слободата на изразување во Македонија не само што не е подобрена, туку, дека секоја година се повеќе и повеќе паѓа на скалата на слободата на изразување и слободата на медиумите.